TIKVEŠ

SINCE 1885

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ КОН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПЕРИОД 01.01.2019 - 30.06.2019

Во 2019 година во работењето на Винарската визба Тиквеш АД Скопје не се имплементирани промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи.

Вкупните приходи забележаа раст од 11%, односно зголемување за 72,8 мил. денари. Растот се должи на зголемувањето на приходите од домашен пазар за 12%, односно за 47 мил. денари и зголемувањето на приходите од странски пазари за 9%, односно за 25,8 мил. денари.

Повисоките трошоци на продадени производи за 13% резултираат со бруто добивка на износ од 244 мил. денари, односно пораст од 7% и оперативната добивка на износ од 68 мил.денари односно пораст за 10%.

Финансиските расходи се пониски за 12 %.

Се оствари нето добивката пред оданочување на износ од 53,9 мил. денари.

Во 2019 година се остварија вложувања во материјални средства од 16 мил. денари.

Значителен отпис (поголем од 30% од вредноста на средствата споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи) не беше реализиран.

Промени во кредитните задолжувања (намалувања или зголемување поголеми од 30% споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи) не беа остварени.

Во делот на консолидираниот биланс на успех за првата половина на 2019 година, вкупните приходи забележаа раст од 6%.
Се оствари бруто добивка на износ од 269 мил. денари, односно пораст од 4% и оперативната добивка на износ од 64,5 мил.денари односно пораст за 5%.

Се оствари нето добивката пред оданочување на износ од 48,5 мил. денари.